Република Македонија
ОСНОВЕН СУД - ВИНИЦА
СУ-02-5/19-2
25.02.2019 година
В и н и ц а

Врз основа на член 142 ст.6 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.136/07,130/08,97/10,53/11... 185/11...165/17, 183/18) а согласно со предлогот за избор на најповолна понуда, содржан во Извештајот на Комисијата за јавни набавки при Основен суд Виница, Претседателот на судот Васка Петрова, на ден 25.02.2019 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
за избор на најповолна понуда

I

Со оваа Одлука се избира најповолна понуда за јавна набавка, по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди за јавна набавка чија вредност е до 20.000 евра во денарска противвредност преку ЕСЈН, без вклучен ДДВ, за набавка на информатичка опрема-персонални компјутери на број 12-дванаесет за потребите на Основен суд Виница.

II

Согласно предлогот содржан во извештајот на Комисијата за јавни набавки при Основен суд Виница, како најповолна е избрана понудата од економскиот оператор ДПТУ увоз-извоз БОКИ-КОМПЈУТЕРИ Дооел увоз-извоз Струмица со последна понудена цена на е-аукцијата од 325.000,00 денари без вклучен ДДВ.

III

Претседателот на судот со економскиот оператор-носител на набавката од претходниот член, по конечноста на одлуката ќе склучи договор за набавка на информатичка опрема-персонални компјутери.

IV

Примерок од оваа Одлука, заедно со известувањето ќе се достави до понудувачите што учествувале во спроведената постапка за јавни набавки.

V

Одлуката влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Основен суд Виница
Претседател,
Васка Петрова